# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ
# ROPUIDO/РОПУИДО
## 5 mg, 10 mg, 20 mg или 40 mg филм-обложени таблети
rosuvastatin

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.**
- Чувајте го упатството, можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или кај фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам и не треба да го давате на други лица бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако забележите некое несакано дејство, известете го Вашиот доктор или фармацевт. Тоа важи и за сите можни несакани дејства што не се наведени во ова упатство (видете го делот 4).

**Упатството содржи:**

1. Што претставува Ропуидо и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Ропуидо
3. Како да се употребува Ропуидо
4. Можни несакани дејства
5. Чување на Ропуидо
6. Содржина на пакувањето и други информации


## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА РОПУИДО И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Ропуидо спаѓа во групата лекови наречени статини.
Овој лек се препишува при следните состојби:
- Имате високо ниво на холестерол и спаѓате во групата со висок ризик од појава на срцев удар или на мозочен удар. Ропуидо се користи кај возрасни, адолесценти и кај деца над 6-годишна возраст за лекување високо ниво на холестерол.
- Ви е советувано да го земате овој лек затоа што, и покрај промената на начинот на исхрана и физичката активност, не дошло до намалување на нивото на холестеролот. Потребно е да продолжите со препорачаниот начин на исхрана за намалување на холестеролот и со физичката активност за време на земањето на овој лек.

Или
- Имате други фактори коишто го зголемуваат ризикот од појава на срцев удар или на мозочен удар, или други здравствени проблеми.

Срцевиот удар, мозочниот удар и другите заболувања може да бидат предизвикани од заболување наречено атеросклероза. Атеросклерозата настанува поради наталожување масни наслаги во артериските крвни садови.

**Зошто е важно да продолжите да земате Ропуидо**

Ропуидо се применува за коригирање на нивото на мастите во крвта, наречени липиди, од кои најчест вид е холестеролот.
Има различни типови холестерол во крвта – „лош“ холестерол (LDL-холестерол) и „добар“ холестерол (HDL-холестерол).
Ропуидо може да го намали нивото на „лошиот“ холестерол и да го зголеми нивото на

„добриот“ холестерол. Ропуидо дејствува на тој начин што го спречува создавањето на „лошиот“ холестерол. Исто така, му овозможува на телото полесно да го отстрани „лошиот“ холестерол од крвта.
Кај повеќето луѓе високиот холестерол не влијае врз начинот на кој тие се чувствуваат бидејќи не предизвикува никакви симптоми. Ако состојбата не се лекува, масните наслаги може да се наталожат на ѕидовите на крвните садови и да предизвикаат нивно стеснување.

Понекогаш стеснетите крвни садови може да се затворат комплетно со што може да се прекине дотокот на крв во срцето и во мозокот, доведувајќи до срцев удар или до мозочен удар. Со намалувањето на нивото на холестеролот се намалува ризикот од добивање срцев удар, мозочен удар или други поврзани здравствени проблеми.

Потребно е да **продолжите со земањето на овој лек** дури и тогаш кога ќе се нормализира нивото на холестеролот бидејќи овој **лек ги спречува повторното зголемување на холестеролот** и наталожувањето на ѕидот на крвните садови. Сепак, треба да престанете со земање на лекот ако така Ви кажал Вашиот доктор или ако сте забремениле.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ РОПУИДО

**Немојте да употребувате Ропуидо ако:**
- **сте алергични на росувастатин** или на некоја од помошните супстанции на лекот наведени во делот 6;
- **сте бремена** или ако доите (Ако забремените додека го земате овој лек, **веднаш прекинете ја терапијата и обратете се кај Вашиот доктор**. За да се избегне бременост при лекувањето со Ропуидо, жените треба да применуваат соодветни контрацептивни мерки.);
- **имате заболување на црниот дроб**;
- **имате тешко бубрежно заболување**;
- **имате повторувани или необјасниви мускулни болки**;
- **ја земате комбинацијата на лекови софосбувир/велпатасвир/воксилапревир** (којашто се користи при вирусна инфекција на црниот дроб, позната како хепатитис Ц);
- **го земате лекот циклоспорин** (којшто се користи, на пример, по трансплантација на орган).

Ако нешто од наведеното се однесува на Вас или ако не сте сигурни дали се однесува на Вас, обратете се кај Вашиот доктор.

**Покрај тоа, немојте да употребувате 40 mg Ропуидо (најголемата доза) ако:**
- **имате умерено бубрежно нарушување** (ако не сте сигурни, обратете се кај Вашиот доктор);
- **имате проблеми со тироидната жлезда**;
- **имате повторувани или необјасниви мускулни болки**, лична или фамилијарна анамнеза на мускулно заболување или претходна анамнеза на проблеми со мускулите при земање лекови за намалување на холестеролот;
- **редовно консумирате големи количества алкохол**;
- **имате азиско потекло** (Јапонци, Кинези, Филипинци, Виетнамци, Корејци и Индијци);

- **земате други лекови за намалување на холестеролот, наречени фибрати**.

Ако не сте сигурни дали нешто од наведеното се однесува на Вас, **обратете се кај Вашиот доктор**.

**Предупредувања и мерки на претпазливост**

Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт ако:

- **имате проблеми со бубрезите**;
- **имате проблеми со црниот дроб**;
- **имате повторувани или необјасниви мускулни болки**, лична или фамилијарна анамнеза на мускулно заболување или претходна анамнеза на проблеми со мускулите при земање лекови за намалување на холестеролот (известете го Вашиот доктор ако почувствувате необјасниви мускулни болки, а особено ако не се чувствувате добро или ако имате покачена телесна температура, исто така известете го Вашиот доктор или фармацевт ако имате постојана мускулна слабост);
- **имате или некогаш сте имале мијастенија** (болест со генерализирана мускулна слабост, во некои случаи вклучувајќи ги и мускулите што се користат при дишење) или **окуларна мијастенија** (болест која предизвикува слабост во очните мускули) поради можноста за влошување на состојбата или појава на мијастенија при употреба на Ропуидо (видете го делот 4);
- **некогаш сте имале тежок исип на кожата или лупење на кожата, со појава на меурчиња и/или ранички во устата по земање на Ропуидо или други статини;**
- **редовно консумирате големо количество алкохол**;
- **имате проблеми со тироидната жлезда**;
- **земате други лекови за намалување на холестеролот, наречени фибрати** (внимателно прочитајте го упатството за лекот, дури и ако веќе сте земале други лекови за намалување на холестеролот);
- **земате лекови за лекување инфекција со ХИВ**, како на пример ритонавир со лопинавир и/или со атазанавир (видете го делот „Други лекови и Ропуидо“);
- **земате или ако сте земале фузидинска киселина** (лек за бактериски инфекции) **во последните 7 дена** – преку уста или како инјекција (комбинацијата од фузидинска киселина и Ропуидо може да доведе до сериозни мускулни проблеми – рабдомиолиза (видете го делот „**Други лекови и Ропуидо**“));
- **имате над 70 години** (Вашиот доктор ќе Ви ја одреди соодветната почетна доза);
- **имате тешка респираторна инсуфициенција**;
- **имате азиско потекло** (Јапонци, Кинези, Филипинци, Виетнамци, Корејци и Индијци - Вашиот доктор ќе Ви ја одреди соодветната почетна доза).

Ако нешто од наведеното се однесува на Вас (или ако не сте сигурни дали се однесува на Вас), **не земајте го лекот Ропуидо од 40 mg (најголемата доза) и обратете се кај Вашиот доктор или кај фармацевт пред да почнете да земате која било доза.**

При употреба на Ропуидо се **пријавени сериозни кожни реакции, вклучувајќи Стивенс-Џонсонов синдром, реакција на лекови со појава на еозинофилија** (зголемено ниво на еозинофили во крвта) **и системски симптоми** (синдром **DRESS**). **Престанете да користите Ропуидо и веднаш побарајте медицинска помош** ако забележите кој било од симптомите наведени во точка 4.

Кај мал број пациенти статините може да влијаат на црниот дроб. Тоа се открива со едноставни тестови за одредување на зголеменото ниво на ензимите на црниот дроб во крвта. Поради тоа, Вашиот доктор често ќе Ве упатува на испитувања на крвта (тестови за функцијата на црниот дроб), пред почетокот на лекувањето и во текот на лекувањето

со Ропуидо.

Додека го земате овој лек, Вашиот доктор внимателно ќе ја следи Вашата состојба ако имате дијабетес или ако постои ризик од појава на дијабетес. Веројатноста за појава на дијабетес е поголема ако имате високо ниво на шеќер и на масти во крвта, ако имате прекумерна телесна тежина и ако имате висок крвен притисок.

**Деца и адолесценти**
Деца под 6-годишна возраст: Ропуидо не треба да се употребува кај деца под 6 години.
Деца под 18-годишна возраст: Ропуидо од 40 mg не треба да се употребува кај деца и кај адолесценти на возраст под 18 години.

**Други лекови и Ропуидо**
Известете го Вашиот доктор или фармацевт ако употребувате, ако неодамна сте употребувале или ако треба да употребувате други лекови.

Особено е важно да го известите Вашиот доктор ако земате некој од долунаведените лекови:
- циклоспорин (лек којшто се користи кај пациенти со трансплантиран орган);
- варфарин, тикагрелор или клопидогрел (или други лекови коишто се користат за разредување на крвта);
- фибрати (гемфиброзил, фенофибрат) или други лекови за намалување на холестеролот (езетимиб);
- антациди (лекови за нарушено варење на храната, коишто го неутрализираат желудочниот сок);
- еритромицин (антибиотик), фузидинска киселина (антибиотик, видете во продолжение и во делот за „Предупредувања и мерки на претпазливост“);
- фузидинска киселина (антибиотик – ве молиме видете подолу и Предупредувања и мерки на претпазливост)
- перорални контрацептиви;
- регорафениб (лек за лекување малигни заболувања);
- даролутамид (лек за лекување малигни заболувања);
- капматиниб (лек за лекување малигни заболувања);
- хормонска супституционална терапија;
- фостаматиниб (лек за лекување ниско ниво на тромбоцити);
- фебуксостат (лек за лекување и превенирање високо ниво на урична киселина);
- терифлунамид (лек за лекување мултипна склероза);
- лефлуномид (се користи за лекување на ревматоиден артритис).
- антивирусни лекови коишто се користат за лекување инфекција со ХИВ и хепатитис Ц како поединечни лекови или во комбинација (видете го делот „Предупредувања и мерки на претпазливост“): ритонавир, лопинавир, атазанавир, софосбувир, воксилапревир, омбитасвир, паритапревир, дасабувир, велпатасвир, гразопревир, елбасвир, глекапревир, пибрентасвир.
- роксадустат (се користи за лекување анемија кај пациенти со хронична бубрежна болест);
- тафамидис (се користи за лекување болест наречена транстиретинска амилоидоза).
- момелотиниб (се користи за лекување на миелофиброза кај возрасни со анемија).

Дејството на наведените лекови може да биде променето од лекот Ропуидо или тие може да влијаат на неговото дејство.
**Ако треба да земате фузидинска киселина за лекување бактериска инфекција,**

**мора привремено да го прекинете лекувањето со овој лек. Вашиот доктор ќе Ви каже кога повторно да продолжите со лекувањето со лекот Ропуидо.**
**Истовремената примена на Ропуидо со фузидинска киселина во ретки случаи може да доведе до слабост, осетливост и до болка во мускулите (рабдомиолиза). За повеќе информации во врска со рабдомиолизата видете го делот 4.**

**Бременост и доење**
Ропуидо не смее да се применува во текот на бременоста и на доењето. Ако забремените во текот на лекувањето со овој лек, **веднаш прекинете го лекувањето и обратете се кај Вашиот доктор.**
Користете соодветни контрацептивни мерки со цел да избегнете бременост за време на лекувањето со овој лек. Консултирајте се со Вашиот доктор пред да земете некој лек.

**Влијание врз способноста за возење и за ракување со машини**
Повеќето луѓе можат да возат и да ракуваат со машини додека го земаат овој лек бидејќи тој не влијае на нивната способност. Меѓутоа, кај некои лица се појавува вртоглавица додека се лекуваат со него. Ако почувствувате вртоглавица, посоветувајте се со Вашиот доктор пред да управувате моторно возило или пред да ракувате со машини.

**Важни информации за некои помошни супстанции на лекот Ропуидо**
Ропуидо содржи лактоза монохидрат. Ако Вашиот доктор Ве известил дека не поднесувате некои шеќери, советувајте се со него пред да го земете овој лек.

За целосна листа на помошните супстанции, Ве молиме видете го делот „Содржина на пакувањето и други информации“.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА РОПУИДО

Секогаш употребувајте го лекот точно онака како што Ви препорачал докторот. Советувајте се со Вашиот доктор или со фармацевт ако не сте сосема сигурни како треба да го употребувате лекот.

**Вообичаени дози за возрасни**

<u>Ако земате росувастатин за високо ниво на холестерол</u>
*Почетна доза*
Лекувањето со росувастатин мора да почне со доза од **5 mg или од 10 mg**, дури и ако претходно сте земале поголеми дози од друг статин. Изборот на почетната доза ќе зависи од:
- нивото на холестеролот;
- степенот на ризик од појава на срцев удар или на мозочен удар;
- присуството на фактори на ризик за појава на несакани дејства.

Ве молиме, консултирајте се со Вашиот доктор или со фармацевт која почетна доза од овој лек најмногу ќе Ви одговара.

Вашиот доктор може да одлучи да Ви ја даде најмалата доза (5 mg) ако имате:
- **азиско потекло** (Јапонци, Кинези, Филипинци, Виетнамци, Корејци и Индијци);
- **над 70 години**;
- умерено бубрежно нарушување;
- фактори на ризик за појава на мускулни болки (миопатија).

*Зголемување на дозата и максимална дневна доза*
Вашиот доктор може да одлучи да Ви ја зголеми дозата за да ја добиете соодветната доза. Ако сте почнале со доза од 5 mg, Вашиот доктор може да ја зголеми дозата двојно – на 10 mg, потоа на 20 mg, па сè до 40 mg - доколку е неопходно. Исто така, ако сте почнале со доза од 10 mg, докторот може да Ви ја зголеми дозата двојно – на 20 mg, па потоа на 40 mg - доколку е неопходно. Помеѓу секое зголемување на дозата е потребен временски период од 4 недели.

Максимална дневна доза за Ропуидо е 40 mg. Оваа доза е наменета само за пациентите со високо ниво на холестерол и за оние со висок ризик од појава на срцев удар или на мозочен удар, кај кои нивото на холестерол не се намалува доволно со 20 mg.

Ако земате росувастатин за намалување на ризикот од појава на срцев удар, мозочен удар или на други слични здравствени проблеми

Препорачаната доза е 20 mg дневно. Меѓутоа, Вашиот доктор може да Ви препорача помала доза доколку ги имате претходно споменатите фактори.

**Деца и адолесценти (на возраст од 6 до 17 години)**
Дозниот опсег кај деца и кај адолесценти на возраст од 6 до 17 години е од 5 mg до 20 mg еднаш дневно. Вообичаената почетна доза е 5 mg. Лекот се зема еднаш дневно. Вашиот доктор може да одлучи да Ви ја зголеми дозата за да ја добиете соодветната доза. Максимална дневна доза за деца од 6 до 17 години е 10 mg или 20 mg во зависност од основната причина за лекување. Лекот се зема еднаш дневно.
Ропуидо од **40 mg не треба** да се применува кај деца.

Начин на примена
Таблетите Ропуидо треба да се проголтаат цели, со една чаша вода.
Таблетите се земаат **еднаш дневно**, во кое било време од денот, со храна или без храна. Сепак, обидете се да ги земате таблетите во исто време секој ден.

**Редовна проверка на холестеролот**
Важно е да одите кај Вашиот доктор на редовна проверка на холестеролот за да бидете сигурни дека сте го достигнале соодветното ниво на холестерол и дека истиот се одржува на тоа ниво.
Вашиот доктор може да одлучи да Ви ја зголеми дозата за да ја добиете соодветната доза којашто Вам Ви одговара.

**Ако сте зеле поголема доза Ропуидо отколку што треба**
Ако сте зеле поголема доза, обратете се кај Вашиот доктор или во најблиската болница. Ако одите во болница или сте во болница од некоја друга причина и примате лекови за терапија на друго заболување, известете го Вашиот докторот дека земате Ропуидо.

**Ако сте заборавиле да земете Ропуидо**
Ако сте заборавиле да го земете лекот, продолжете со вообичаениот режим на дозирање и земете ја наредната доза во предвиденото време.
Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.

**Ако престанете да земате Ропуидо**
Ако сакате да ја прекинете терапијата, обратете се кај Вашиот доктор или кај

фармацевт. Нивото на холестерол може да Ви се зголеми повторно.
Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, обратете се кај Вашиот доктор или кај фармацевт.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите други лекови, и Ропуидо може да предизвика несакани дејства, коишто не се појавуваат кај сите пациенти.
Важно е да бидете свесни дека може да се појават долунаведените несакани дејства. Вообичаено, тие се благи и исчезнуваат по кратко време.

**Престанете да го земате лекот и веднаш побарајте медицинска помош ако Ви се појави некоја од следните алергиски реакции:**
- отежнато дишење, со или без отекување на лицето, усните, јазикот и/или на грлото;
- отекување на лицето, усните, јазикот и/или на грлото коешто може да доведе до отежнато голтање;
- силно чешање на кожата, со црвен исип над нивото на кожата (уртикарија);
- црвеникави дамки во ниво на кожата, во форма на концентрични кругови или кружни дамки во пределот на трупот, често со централни меури, со лупење на кожата, со појава на чиреви во устата, грлото, носот, на половите органи и на очите (на овие сериозни исипи на кожата може да им претходат треска и симптоми слични на грип - Стивенс-Џонсонов синдром);
- широко распространет исип на кожата, висока телесна температура и зголемени лимфни јазли (синдром DRESS или синдром на преосетливост на лекови).

**Исто така, престанете да го земате лекот** Ропуидо и веднаш консултирајте се со Вашиот доктор ако:
- почувствувате невообичаени мускулни болки кои траат подолго од очекуваното (Мускулните болки се почести кај децата отколку кај возрасните. Како и со другите статини, мал број пациенти имале непријатни мускулни несакани дејства кои ретко преминуваат во потенцијално животозагрозувачко мускулно оштетување познато како рабдомиолиза.);
- почувствувате кинење (руптура) на мускул;
- имате синдром сличен на лупус, вклучувајќи исип, нарушување на зглобовите и влијание врз крвните клетки.

**Чести несакани дејства (се појавуваат кај помалку од 1 на 10 пациенти):**
- главоболка;
- болка во желудникот;
- запек;
- гадење;
- мускулна болка;
- слабост;
- вртоглавица;
- зголемување на нивото на протеини во урината – што вообичаено се нормализира без прекин на лекувањето (само при примена на доза од 40 mg);
- дијабетес. Поголема е веројатноста за појава на дијабетес ако имате високо ниво на шеќер и на масти во крвта, ако имате прекумерна телесна тежина и ако имате висок крвен притисок. Вашиот доктор ќе ја следи Вашата состојба додека го земате овој лек.

**Помалку чести несакани дејства (се појавуваат кај помалку од 1 на 100 пациенти):**

- исип, чешање и други кожни реакции;
- зголемување на нивото на протеини во урината – што вообичаено се нормализира без прекин на лекувањето (само при примена на доза од 5 mg, 10 mg и од 20 mg).

**Ретки несакани дејства (се појавуваат кај помалку од 1 на 1 000 пациенти):**
- сериозна алергиска реакција којашто предизвикува отекување на лицето, усните, јазикот и/или на грлото, што може да доведе до отежнато голтање и отежнато дишење; силно чешање на кожата, со црвен исип над нивото на кожата (уртикарија);
  **Ако се сомневате дека имате алергиска реакција, престанете да земате Ропуидо и веднаш побарајте лекарска помош**;
- мускулно оштетување кај возрасни – како мерка на претпазливост, **прекинете го земањето на лекот и веднаш обратете се кај Вашиот доктор доколку почувствувате невообичаени болки во мускулите** што траат подолго од очекуваното;
- силна стомачна болка (воспаление на панкреасот);
- зголемено ниво на ензимите на црниот дроб;
- крвавење или појава на модринки полесно отколку вообичаено како резултат на низок број тромбоцити во крвта;
- синдром сличен на лупус, вклучувајќи исип, нарушување на зглобовите и влијание врз крвните клетки.

**Многу ретки несакани дејства (се појавуваат кај помалку од 1 на 10 000 пациенти):**
- пожолтување на кожата и на белките на очите (жолтица);
- воспаление на црниот дроб (хепатитис);
- траги на крв во урината;
- вкочанетост (поради оштетување на нервите на нозете и на рацете);
- болка во зглобовите;
- губење на памтењето;
- зголемување на градите кај мажи (гинекомастија).

**Несакани дејства со непозната честота:**
- пролив;
- кашлица;
- недостиг на воздух;
- отоци;
- нарушување на сонот, вклучувајќи појава на несоница и на кошмари;
- нарушување на сексуалната активност;
- депресија;
- проблеми со дишењето, со појава на постојана кашлица и/или на краток здив или со покачена телесна температура;
- оштетување на тетивите;
- постојана мускулна слабост;
- мијастенија гравис (болест со генерализирана мускулна слабост, во некои случаи вклучувајќи ги и мускулите што се користат при дишење);
- окуларна мијастенија (болест која предизвикува слабост на очните мускули).

Разговарајте со Вашиот лекар доколку почувствувате слабост во рацете или во нозете, којашто се влошува по активност, појава на двојна слика или паднат очен капак, тешкотии при голтањето или недостиг на воздух.

- **Пријавување несакани дејства**

Ако забележите какво било несакано дејство, треба да го известите Вашиот лекар или фармацевт. Тоа го вклучува и секое можно несакано дејство кое не е наведено во ова упатство. Несаканите дејства од лековите може да ги пријавите и во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.
Со пријавување на несаканите дејства можете да допринесете за процената на безбедноста на овој лек.

## 5. ЧУВАЊЕ НА РОПУИДО

Лекот не бара посебни температурни услови за чување.
Лекот треба да се чува надвор од дофат на деца!
Не употребувајте Ропуидо по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Лековите не треба да се фрлаат во отпадна вода или во смет од домаќинството.
Прашајте фармацевт како да ги отстраните лековите што веќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. СОДРЖИНА НА ПАКУВАЊЕТО И ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Ропуидо**

- Активна супстанција: росувастатин.

Една таблета содржи 5 mg, 10 mg, 20 mg или 40 mg росувастатин, во форма на росувастатин калциум.

- Помошни супстанции:

Таблетно јадро: микрокристална целулоза; колоиден силициум диоксид, безводен; кросповидон; лактоза монохидрат; магнезиум стеарат.
Филм-обвивка: хипромелоза, титан диоксид (E171), лактоза монохидрат; триацетин; железо оксид, жолт (E172) – само за таблетите од 5 mg - и железо оксид, црвен (E172) – за таблетите од 10 mg, 20 mg и од 40 mg.

**Како изгледа Ропуидо и содржина на пакувањето**
Ропуидо 5 mg се жолти, тркалезни, биконвексни, филм-обложени таблети со втиснато „ROS“ над „5“ на едната страна.
Ропуидо 10 mg се розови, тркалезни, биконвексни, филм-обложени таблети со втиснато „ROS“ над „10“ на едната страна.
Ропуидо 20 mg се розови, тркалезни, биконвексни, филм-обложени таблети со втиснато „ROS“ над „20“ на едната страна.
Ропуидо 40 mg се розови, овални, биконвексни, филм-обложени таблети со втиснато „ROS“ на едната страна и „40“ на другата страна на таблетата.
Таблетите се спакувани во блистер (ALU/ALU). Секој блистер содржи 10 таблети.
Кутијата содржи 30 таблети (3 блистери x 10) и упатство за корисникот.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава во аптека само на рецепт (Р).

**Број и датум на решението за ставање на лекот во промет**
Ропуидо 5 mg: 11-51/2 од 20.05.2021
Ропуидо 10 mg: 11-52/2 од 20.05.2021

Ропуидо 20 mg: 11-53/2 од 20.05.2021
Ропуидо 40 mg: 11-54/2 од 20.05.2021

**Производител и носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
АЛКАЛОИД АД Скопје
бул. Александар Македонски бр. 12
1 000 Скопје, Република Северна Македонија
тел. +389 2 31 04 000
факс: +389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk

**Датум на последната ревизија на упатството**
Јуни 2025